**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**УП 1 Бр.08-371**
**15.10.2020 година**
**С к о п ј е**

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 20 став 1 алинеја 10[1], член 18 став 1 алинеи 1 и 22, член 70 и член 75 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20), согласно член 4 став 1 алинеја 6 и член 88 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), а во врска со Јавниот конкурс за доделување дозвола за непрофитна радиодифузна установа за радио емитување на програмски сервис на локално ниво, објавен врз основа на Одлуката за објавување на јавен конкурс, УП1 бр.08-320 од 19.08.2020 година, („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.206/20) и Заклучокот арх.бр.02-3790/3 од 15.10.2020 година, на својата 37-ма седница одржана на 14.10.2020 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

1. Јавниот конкурс за доделување дозвола за непрофитна радиодифузна установа за радио емитување на програмски сервис, наменет за студентската популација, на подрачјето на општина Тетово, на локално ниво, на албански и македонски јазик, кој ќе се емитува преку радиофреквенција определена од страна на Агенцијата за електронски комуникации на Република Северна Македонија, и тоа: 107.2 MHz., објавен врз основа на Одлуката за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за непрофитна радиодифузна установа за радио емитување на програмски сервис на локално ниво Уп1 бр.08-320 од 19.08.2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.206/20), не е успешен поради тоа што во утврдениот рок за поднесување пријави, по предметниот конкурс, односно заклучно до 08.10.2020 година во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги не беше примена ниту една пријава.

2. Оваа Одлука е конечна и ќе се објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**О б р а з л о ж е н и е**

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги по повод Писменото барање (наш арх.бр.08-3205/1 од 13.08.2020 година) поднесено од заинтересирана страна, правното лице Универзитетот во Тетово, доставено на официјалната е-маил адреса на Агенцијата (contact@avmu.mk), со кое ја извести Агенцијата дека повторно се заинтересирани за објавување на нов јавен конкурс за доделување дозвола за непрофитно радио на локално ниво, на подрачјето на општина Тетово и Студијата за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за непрофитно радио на локално ниво, на подрачјето на општина Тетово, наш арх.бр.08-5507/1 од 23.12.2019 година, а согласно Заклучокот на Советот на Агенцијата арх.бр.02-3215/3 од 19.08.2020 година повторно да се објави јавниот конкурс и Заклучокот на Советот на Агенцијата арх.бр.02-3215/4 од 19.08.2020 година на

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18).

31-та седница одржана на 19.08.2020 година донесе Одлука (УП1 бр.08-320 од 19.08.2020 година) за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за непрофитна радиодифузна установа за радио емитување на програмски сервис, наменет за студентската популација, на подрачјето на општина Тетово, на локално ниво, на албански и македонски јазик, кој ќе се емитува преку радиофреквенција определена од страна на Агенцијата за електронски комуникации на Република Северна Македонија, и тоа: 107.2 MHz. Одлуката (УП1 бр.08-320 од 19.08.2020 година) за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за непрофитна радиодифузна установа за радио емитување на програмски сервис на локално ниво се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.206 од 24.08.2020 година.

Согласно точка 12 од цитираната Одлука за објавување на јавен конкурс, пријавата за учество на јавниот конкурс се поднесува во рок од 45 (четириесет и пет) дена, кој рок тече од првиот нареден ден од денот на објавувањето на Одлуката во „Службен весник на Република Северна Македонија“. Краен рок за доставување на пријави, по предметниот конкурс, беше заклучно до 08.10.2020 година. Во утврдениот рок за поднесување пријави, по предметниот конкурс, односно заклучно до 08.10.2020 година во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, не беше примена ниту една пријава.

Во меѓувреме, од страна на заинтересираната страна, правното лице Универзитетот во Тетово, на 06.10.2020 година на официјалната е-маил адреса на Агенцијата (contact@avmu.mk), беше доставено „Известување-Информација во врска со апликацијата за радио“ (Уп1 бр.08-320 од 07.10.2020 година) дека поради отежнатите околности поради пандемијата Ковид 19, Универзитетот не е во можност да ја комплетира целосната документација за поднесување на пријава по предметниот јавен конкурс за доделување дозвола за непрофитно радио на локално ниво, до крајниот рок за поднесување на пријави.

Членот 75 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20), пропишува дека јавниот конкурс за доделување на дозвола за телевизиско или радио емитување е успешен доколку е примена најмалку една пријава која ги исполнува условите утврдени во конкурсот.

Имајќи го предвид наведеното, во врска со Јавниот конкурс за доделување дозвола за непрофитна радиодифузна установа за радио емитување на програмски сервис на локално ниво, објавен врз основа на Одлуката за објавување на јавен конкурс, УП1 бр.08-320 од 19.08.2020 година, („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.206/20), а со оглед дека во утврдениот рок за поднесување пријави во Агенцијата не беше примена ниту една пријава, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе одлука дека не е успешен предметниот јавен конкурс. Следствено на наведеното, Советот на Агенцијата согласно Заклучокот арх.бр.02-3790/3 од 15.10.2020 година, на 37-та седница, одржана на 14.10.2020 година, донесе одлука како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни**
**медиумски услуги,**
**Претседател на Совет**
**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ, с.р**

**Правна поука:** Против оваа одлука може да се поднесе тужба за поведување управен спор пред надлежен суд во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на Одлуката.